**Интегритет и антикорупција во**

**бизнис-секторот**

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

КОНЕКТ

ЗДСРМ

Проектот е финансиран
од Европската Унијка

**ПОВИК**
**за доделување грантови на граѓански организации**

Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) во соработка со Здружението Конект и Здружението на даночни советници во рамките на проектот **„Зајакнување на интегритетот и намалување на корупцијата во државниот и во приватниот бизнис-сектор“**, финансиран од Европската Унија објавуваат јавен повик за доделување грантови за граѓански организации.

Целта е да се даде придонес кон намалување на корупцијата во бизнис-секторот во земјава, преку заедничко делување на сите релевантни чинители од јавниот сектор, приватниот сектор и од граѓанското општество.

Предвидено е да се доделат **шест (6) грантови во износ од 6.000 до 8.000 евра** (во денарска противвредност од 368.000 до 490.000 денари) во времетраење од 12 месеци.

**ЗА ПРОЕКТОТ**

**Наша цел:** Намалување на корупцијата во бизнис-секторот во земјава, преку заедничко делување на сите релевантни чинители од јавниот сектор, приватниот сектор и од граѓанското општество.

**Име на проектот:**

**Зајакнување на интегритетот и намалување на корупцијата во државниот и приватниот бизнис - сектор**

**Период на спроведување:**

01.02.2018 - 31.01.2021 год.

**Целни групи и корисници:**

1. Граѓански организации (50)
2. Јавни претпријатија (120)
3. Претставници на приватни бизниси (150)
4. Стопански комори и мрежи
5. Владини претставници
6. Граѓани

**Лидер на проектот:**

Центар за граѓански комуникации

**Партнери на проектот:**

Асоцијација Конект и

Здружение на даночни советници

**Наши очекувања**

- Идентификувани генератори на корупцијата, ранливите области и активностите подложни на корупција во државните претпријатија;
- Креирана алатка за оценка на ризиците од корупција во државните претпријатија;
- Препораки за законски измени и репери за добри практики за зголемување на транспарентноста, отчетноста и интегритетот на јавните претпријатија;
- Зајакнати капацитети на 150 претставници на приватни бизниси за спречување и борба против корупцијата;
- Воспоставен механизам за поддршка, како и алатки за усогласеност и спречување на корупцијата во приватниот бизнис-сектор;
- Воспоставено јадро од граѓански организации за застапување кои користат истражување и мониторинг за да ги зајакнат своите активности за намалување на корупцијата во бизнис-секторот и
- Воспоставена платформа за јавно-приватен дијалог во борбата против корупцијата.

**ЦЕЛ НА ПОВИКОТ**

Целта на овој повик е да се обезбеди поддршка на шест локални граѓански организации кои работат и имаат искуство во областа на антикорупцијата, доброто владеење и/или локалниот економски развој. На овој начин ќе се започне со градење на јадро од граѓански организации кои користат истражување и мониторинг за да ги зајакнат своите активности во насока за на намалување на корупцијата во бизнис-секторот.
Грантовите ќе се доделат на граѓански организации кои ќе предвидат акции насочени кон идентификување на генераторите на корупција во јавните претпријатија на локално ниво и иницирање на активности и политики на локално ниво кои треба да придонесат кон унапредување на актуелните состојби и засилување на борбата против корупција на локално ниво.

Преку поддршката ќе се создаде јадро на граѓански организации кои преку заедничко делување ќе дадат придонес кон намалување на корупцијата и градење на механизми за превенција и заштита од корупцијата во бизнис-секторот во земјава. Акцијата тргнува од стојалиштето дека државните претпријатија и приватните фирми во земјава никогаш не биле вклучени системски во активности за борба против корупцијата. Ова резултира со ниска транспарентност и отчетност на државните претпријатија, злоупотреба на јавните добра за лична корист, користење на државните претпријатија за вработување на партиски кадри, зголемено задолжување кај државните претпријатија и намален потенцијал за развој на приватниот бизнис-сектор.

Проектот „Зајакнување на интегритетот и намалување на корупцијата во јавниот и во приватниот бизнис-сектор"  опфаќа активности за зајакнување на влијанието на граѓанското општество врз намалување на корупцијата во бизнис-секторот, преку подобрување на транспарентноста, отчетноста и интегритетот на државните претпријатија и зголемување на учеството на приватниот сектор во борбата против корупцијата.

**РЕЗУЛТАТИ КОИ СЕ ОЧЕКУВААТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ АКЦИИ/ПРОЕКТИ**

Од заинтересираните граѓански организации се очекува да поднесат проектни апликации во кои ќе предвидат активности за расветлување на проблемите и последиците од корупцијата во локалните бизнис средини со фокус на јавните претпријатија и за преземање на акции за намалување на корупцијата во оваа област.

Листа на резултати кон чие остварување треба да водат предложените акции:

- Да ги идентификуваат генераторите на корупцијата во локалните јавни претпријата преку истражување и мониторинг (се охрабрува примена на алатката за транспарентност и отчетност на претпријатија која е веќе развиена во рамките на проектот и е дадена во Прилог 1[1])
- Да ги идентификуваат практитките и активностите на локалните јавни претпријатија кои се подложни на корупција.
- Да ги идентификува последиците од корупцијата во локалните јавни претпријатија и општо во локалната бизнис заедница.
- Да предлагаат мерки или механизми во борбата против корупцијата во локалните претпријатија и општо во бизнис заедницата.
- Да влијаат на подигање на свеста и мобилизирање на сите заинтересирани страни околу прашањата од значење за борба против корупцијата во локалните бизнис средини.

Спроведувањето на акциите треба да се одвива во траење од 12 месеци, во периодот ноември 2019 – ноември 2020 година.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПРОЕКТИТЕ**

Имплементацијата на сите грантови доделени во рамки на овој повик треба да изнесува 12 месеци.

[1] Алатката е применета за оценка на транспаретноста и отчетноста на 30 најголеми претпријатијата во Република Северна Македонија. Апликантите можат да ја применат оваа алатка за локалните јавни претпријатија кои не се на посочената листа.

**ЛОКАЦИЈА**

Подобни за финансирање се предлог-проекти што се однесуваат на активности во земјава. Специфично, предлозите треба да се однесуваат на заедниците во коишто делува граѓанската организација било на ниво на една општина, повеќе општини или плански регион. Влијание на национално ниво не е исклучено.

**ВИСИНА НА ГРАНТОВИТЕ И ФИНАНСИСКАТА РАСПРЕДЕЛБА**

За селектираните апликации ќе се обезбедат финансиски средства во вид на грантови. **Финансиската поддршка за која може да се аплицира е од 368.000 до 490.000 денари.**

Заинтересираните организации треба да обезбедат кофинансирање за спроведување на предложениот проект. **Грантот обезбедува 90% од вкупните трошоци на проектот.** Средствата за кофинансирање треба да бидат обезбедени од други извори, различни од Европската Унија.

Вкупниот износ на средствата што ќе се доделат преку повикот изнесува 2.319.030 денари (37.800 евра). Средствата се обезбедени од Европската Унија.

**КРИТЕРИУМИ ЗА УЧЕСТВО ВО ПОВИКОТ**

Организациите кои сакаат да учествуваат на повикот мора да ги исполнуваат следниве критериуми:

- Да се регистрирани и да дејствуваат според Законот за здруженија на граѓани и фондации на ниво на Република Северна Македонија;
- Најмалку една година од основање на организацијата пред датумот на објавување на овој повик;
- Да имаат искуство во сферата на доброто владеење, и/или антикорупцијата, и/или локален економски развој.

На повикот не можат да бидат предложени акции кои се спроведуваат во рамките на тековни проекти на организациите финансирани од други донатори.

На повикот не може да учествуваат организации кои се корисници на грант од Делегацијата на ЕУ како координатор/носител на акцијата, ниту како партнер во рамките на Програмата на ИПА за поддршка на граѓанското општество и медиумите за 2016-2017 година (IPA Civil Society Facility and Media Programme 2016-2017).

**Пријавата потребно е да ги содржи следниве документи:**

1. Образец за пријавување (Прилог 1)
2. Образец за предлог – буџет (Прилог 2) - Буџетот треба да биде испланиран во рамки на трошоците дозволени во буџетскиот образец.
3. Копија од решението за регистрација на организацијата или тековна состојба од Централен регистер на РМ.
4. Кратки биографии на клучниот персонал вклучен во реализацијата на проектот.

**Обрасците треба да бидат пополнети електронски.**

**КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТИТЕ**

Предложените активности треба да бидат во согласност со овој повик. Предлозите ќе се оценуваат од страна на **Комисија на оценувачи,** која ќе биде формирана за целите на оваа активност. Селекцијата на ГО ќе се врши врз основа на однапред воспоставени критериуми за избор кои се дел од овој повик.

Изборот на организациите на кои ќе им биде доделен грант ќе се одвива во две фази и тоа:

1. Оценување на пријавите според основните квалификациски барања

- Образецот е соодветно пополнет и со придружната документација е доставен во рок и на начин предвиден со Повикот
- Временската рамка и висината на буџетот соодветствуваат со барањата од Повикот
- Организацијата ги исполнува условите за аплицирање на повикот

2. Оценување на предлог проектите

Предлог-проектите ќе се оценуваат во согласност со следните **критериуми за селекција:**

1. Организациски капацитет и резултати од минато работење (максимум 30 поени):

- Искуство во сферата на доброто владеење, и/или антикорупцијата, и/или локален економски развој (10 поени)
- Искуство на кадарот за реализација на проектните активности (10 поени)
- Административни, финансиски и управувачки капацитети (10 поени);

2. Технички пристап (максимум 50 поени)

- Релеватност на предлог-проектот за дефинираните цели и резултати на програмата (20 поени)
- Квалитет на предложените активности (15 поени);
- Ефективност и изводливост на проектот (15 поени).

3. Предлог - буџет (максимум 20 поени):

- Трошковна ефективност (10 поени);
- Адекватна можност за финансиско управување (10 поени);

**РОКОВИ КОИ СЕ РЕЛЕВАТНИ ЗА ПОВИКОТ:**

- Доставување на апликации: до **15 октомври 2019 година;**
- Поставување прашања на електронска пошта со наведен наслов **Повик за доделување грантови - Интегритет и антикорупција во бизнис-секторот**: до **30 септември 2019 година;**
- Објавување на поддржаните иницијативи: до **31 октомври 2019 година;**

**ПРИДОБИВКИ И ОБВРСКИ ЗА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ:**

Финансиската поддршка се доделува со цел да се зајакнат капацитети на граѓанските организации кои работат во областа на антикорупцијата. За селектираните ГО ќе биде организиран тренинг за стекнување знаења. Грантистите, исто така, ќе добијат менторство во текот на спроведувањето на активностите. **Учеството на тренингот и менторството е од задолжителен карактер за грантистите**.

**НАЧИН НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИИТЕ**

Пријавата треба да биде поднесена од една организација – **Носител на проектот** со која ќе биде потпишан договор за грант доколку предложената акција е избрана за финансирање. Граѓанските организации аплицираат со пополнување на соодветната **пријава** и **буџетски образец**, вклучувајќи ги и соодветните прилози: (1) Копија од решение за регистрација или тековна состојба од Централниот регистар на Република Македонија и (2) Кратки биографии на клучниот персонал вклучен во реализацијата на проектот.

Апликациите кои нема да ги исполнат следните услови, нема да можат да бидат земени предвид:

- Пријавата за предлог-проект и буџетскиот образец не се целосно пополнети или не ги вклучуваат потребните прилози;
- Поднесувањето е извршено после истекот на крајниот рок наведен во Повикот;

**Целосните апликации со придружните документи треба да се испратат единствено во електронска форма на center@ccc.org.mk (со назнака во Subject: Повик за доделување грантови - Интегритет и антикорупција во бизнис-секторот)**

**Дополнителни појаснувања**

Грантот ќе се додели во денарска противвредност на банкарска сметка на организацијата носител. Предложениот буџет не смее да го надмине максималниот износ.

Организацијата - носител ќе биде единствено одговорна за реализацијата на активностите и плаќањата во согласност со буџетот на проектот. За организациите кои ќе бидат избрани ќе биде организирана средба за појаснување на правата и обврските што произлегуваат од доделувањето на финансиската поддршка и за допрецизирање на буџетот.

Сите организации кои се пријавиле ќе бидат известени за резултатите од Повикот.

**Прилог 1**

СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНКА НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОТЧЕТНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

**Транспарентност во однос на организацијата на работењето**

1. Дали се објавени прописите со кои се регулираат надлежностите на претпријатието?
2. Дали се објавени информации за надлежностите на претпријатието?
3. Дали е објавен статутот на претпријатието?
4. Дали е објавена програма за работа и развој, едногодишна или повеќегодишна?
5. Дали се објавени стратегии, ставови, мислења, студии и др. слични документи од надлежноста на претпријатието?
6. Дали е објавена организациската структура (шема, органограм) на претпријатието?
7. Дали се објавени имињата на директорот и на вработените/раководителите со контакти, позиција, службен е-маил и службен телефон?
8. Дали е објавена биографијата на директорот на претпријатието?
9. Дали се објавени членовите на управниот одбор и нивните биографии? (АД Водостопанство и АД ГТЦ имаат Одбор на директори, додека, пак, МРТВ има Програмски совет)
10. Дали се објавени членовите на надзорниот одбор и нивните биографии? (АД Водостопанство и АД ГТЦ немаат Надзорен одбор, и оттука овој параметар не се однесува на нив)
11. Дали се објавуваат информации за седниците на управниот одбор?
12. Дали се објавени податоци за надоместоците што им се плаќаат на членовите на управниот и на надзорниот одбор на претпријатието?

**Транспарентност за овозможување пристап до информации од јавен карактер**

13. Дали има посебен оддел за пристап до информации?
14. Дали е објаснет начинот за поднесување барање за пристап до информации?
15. Дали е објавено името на службеното лице за посредување со информации?
16. Дали се објавени основни податоци за контакт со имателот на информацијата и тоа: назив, адреса, телефонски број, е-маил адреса?
17. Дали е објавена листа на информации од јавен карактер со кои располага претпријатието?
18. Дали се издаваат соопштенија за јавност, информативен билтен или друг облик на информирање?

19. Во колкав временски рок претпријатието го доставило одговорот на барањето за пристап до информации од јавен карактер?
20. Дали има објавено Правилник за заштитено внатрешно пријавување?
21. Дали има објавено контакт од лице овластено за заштитено внатрешно пријавување?

**Отчетност за резултатите од работењето**

22. Дали е објавен оперативен извештај за работењето во 2017 година?
23. Дали се објавени финансиски извештаи за 2017 година?
24. Дали се објавени кварталните финансиски извештаи за 2018 година?
25. Дали е објавен извештај на независна ревизија за финансиските извештаи на претпријатието за 2017?
26. Дали е објавен годишен план за јавни набавки за 2018 година?
27. Дали се објавуваат огласи и тендерски документации за јавни набавки?
28. Дали се објавуваат известувања за склучен договор од јавни набавки?
29. Дали се објавуваат известувања за реализираните договори за јавни набавки?
30. Дали се објавени податоци за финансиските и оперативните резултати за претпријатијата на кои им е основач? (Прашањето важи само за ЈП Паркови и зеленило како основач на две друштва со ограничена одговорност, Флораком ДООЕЛ и Луна ДООЕЛ  и на ЈСП Скопје како основач на ЈСП Турс.)

**ЛИСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈА КОИ БЕА ПРЕДМЕТ НА ОЦЕНКА И РАНГИРАЊЕ**

| | |
|---|---|
| АД ЕЛЕМ Скопје | ЈП за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ Ц.О. Струмица |
| Јавно претпријатие за државни патишта | ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА Скопје |
| АД МЕПСО Скопје | ЈП МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА - Скопје |
| ЈП за стопанисување со државните шуми МАКЕДОНСКИ ШУМИ П.О.-Скопје | ЈКП ВОДОВОД Битола |
| ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА-Скопје | ЈП за комунално-производни и услужни работи ИСАР ПО Штип |
| ЈСП Скопје | АД за издавање на деловен простор под закуп - ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР - Скопје |
| АД Македонска пошта Скопје | ЈП СТРЕЖЕВО Битола |
| ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА-Скопје | ЈП ВОДОВОД Куманово со Ц.О. Куманово |
| Македонски железници Транспорт АД - Скопје | Меѓуопштинско ЈП за снабдување со вода за пиење, одведување и пречистување на отпадни и атмосферски води на општина Охрид и Струга за заштита на Охридското Езеро ПРОАКВА Струга |
| Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје | АД Државна лотарија на Македонија |
| ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта МАКЕДОНИЈА ПАТ - Скопје ц.о. | ЈКП ТЕТОВО ц.о. Тетово |
| АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката | ЈКП ДЕРВЕН Велес |
| ЈП за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје | ЈКП КОМУНАЛЕЦ Прилеп |
| АД Водостопанство на РМ во државна сопственост | ЈКП ВОДОВОД Кочани |
| ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО - Скопје | Комуналец Битола П.О. |

Линк до истражувањето: Ниска транспаретност на претпријатијата во државна сопственост